Стопанска Комора за Туризам на Македонија

| | | |
|---|---|---|
| **НАСТАН:** | **02 (втора) седница на У.О. на СКТМ** | |
| 25.01.2018г. | Време на почеток: 12.00ч<br>Време на завршеток: 14:30ч. | Локација: Сала за состаноци СКТМ |

| | |
|---|---|
| **Состанок свикан од:** | Г-дин Касам Шаќири, Претседател на У.О. |
| **Тип на состанок:** | **Седница на Управен одбор** |
| **Модератор** | Касам Шаќири |
| **Записничар:** | Биљана Пејоска Ристеска |
| **Учесници** | *Види прилог 1: Листа на присутни* |
| | Дневен ред<br>1.Разгледување и усвојување на Годишната Програма за работа на СКТМ за 2018г.<br>2.Назначување на членови на Законодавно –Правната комисија.(Измени и дополонување на статутот на СКТМ)<br>3.Назначување на членови на работна група за изработка на Стратегија за Развој на СКТМ за период од (2019-2022).<br>4.Воведување на систем на врзан потпис на банкарската сметка на СКТМ.<br>5.Проблем во врска со патување во Барселона на извршната директорка.<br>6.Информација за доставени барања за постапки до институции<br>7.Претставување на можности за промена на деловата просторија на СКТМ.<br>8.Разно |

T1: Разгледување и усвојување на Годишната програма за работа на СКТМ за 2018г.

| | |
|---|---|
| | Презентирал:Касам Шаќири |

| | |
|---|---|
| **Дискусија** | Претседателот на СКТМ Г-дин Касам Шаќири на самиот почеток од седницата го прочита Предлог дневниот ред по кој ќе се работи но од страна на г-дин Панче Трајковски беше побарано да биде надополнет со уштре три точки и тоа:<br>1.Дискусија за донесување на одлука за исклучување на т.а. Пет од комората и т.а. Балојани.<br>2.Воведување на систем на врзан потпис на банкарската сметка на СКТМ.<br>3.Проблем во врска со патување во Барселона на извршната директорка.<br>Во врска со предлозите се јави за збор г-дин Стеван Пешевски кој изложи дека предлог првата точка за одлука за исклучување на т.а. ПЕТ и т.а. Балојани е веќе изгласана на собраниска седница и спроведена како одлука со потпис од негова страна како Претседател на Собранието донесена на 02.12.2017г. на 14то Собрание во х.Молика -Битола и нема статутарна можност за повторно разгледување и враќање назад.Ваквото објаснување беше подржано и од останатите присутни со што оваа предлог точка беше ОТФРЛЕНА.<br>Останатите две предлог точки беа прифатени за разгледување, со што предлог дневниот ред беше комплетиран и едногласно усвоен.<br>Дискусијата по првата точка воведно ја имаше г-дин Шаќири кој кажа дека програмата за работа на комората е доставена од страна на Извршната директорка до него и истата е одобрена од негова страна за разгледување бидејќи е во согласнот со планот и програмата која е дадена од Претседателот и е веќе усвоена од страна на У.О. на претходната седница.<br>Од присутните беше побарано да се одложи разгледувањето на Програмата за работа на СКТМ за следна седница бидејќи сметаат дека е подобро кога претходно би била испратена до нив во електронска форма на разгледување како би можеле да излезат со свои забелешки и предлози доколку ги имаат.Г-дин Шаќири потврди дека имаат право на таков чекор и се сложи да биде испратена до нив со материјалите од денешната седница и да биде разгледана и усвоена на следна седница одржана во Февруари. |
| **Заклучоци по т.1** | **У.О.едногласно го прифати предлогот Годишната Програма за Работа на СКТМ за 2018г, да биде разгледана и усвоена на следна седница на У.О. која ќе се одржи во Февруари.** |
| Т2:Назначување на членови на Законодавно –Правна комисија .(измени и дополнување на статутот на СКТМ) | |
| Презентирал | Касам Шаќири |
| Дискусија | Г-дин Шаќири по однос на втората точка образлижи дека потребата од повторно формирање на оваа комисија е неопходна поради низа пропусти е недоречености кои постојат во статутот на СКТМ како највисок правен општ акт по кој се работи а кои се увиделе низ работењето на комората како пропусти и истите треба да бидат изменети и дополнети од оваа комисија до одржување на годишното собрание на крајот од 2018г.Поддршката за овој процес беше од сите присутни.За членови на комисијата беа предложени и изгласани<br>Г-дин Бранко Карески<br>Г-дин Емил Димитровски<br>Г-дин Лазо Христов<br>Г-дин Стеван Пешевски |

| | |
|---|---|
| **Заклучок по т.2** | **У.О. донесе едногласна одлука за членови на Законодавно – Правната комисија да бидат назначени:<br>Г-дин Бранко Карески.г-дин Емил Димитровски ,г-дин Стеван Пешевски и г-дин Лазо Христов** |
| Т3 :Назначување на членови на работна група за изработка на Стратегија за Развој на СКТМ за период од( 2019-2022г.) | |
| Презентирал | Биљана Пејоска Ристеска |
| Дискусија | Извршната Директорка г-ѓа Биљана Пејоска Ристеска по оваа точка посочи дека постоечката стратегија која ја има комората за период од 2014-2018г. е со активности кои завршуваат оваа тековна година и треба да се пристапи кон изработка на нова за период од 2019-2022г.За таа цел таа смета дека е неопходно од формирање на ваква работна група која ќе ја искористи временски тековната година за изработка на стратегија со можност до одржување на годишното собрание во 2018г. да биде подготвена и презентирана и усвоена од Собранието на комората.Таа посочи дека тоа беше една од нејзините препораките кои беа дадени и во годишниот извештај за работењето на комората на Годишното собрание од ден 02.12.2017г.Од нејзина страна беше побарано покрај членови од другите сектори да биде вклучен и член од секторот Образовни институции конкретно од факултетот за Туризам при Универзитетот од Штип ,членка на комората што беше прифатено од сите присутни.За членови на Работната група беа назначени Г-дин Зибер Бислими,Г-ѓа Ана Здравковска ,Г-ѓа Ивона Јакимовска , Г-дин Пере Кутаноски и еден член од ФТБЛ од Штип за кој ќе се определи самиот факултет. Работата ќе биде координирана од Извршната Директорка г-ѓа Биљана Пејоска Ристеска . |
| **Заклучок по т-3.** | **У.О.одбор донесе едногласна одлука зачленови на Работната група за изработка на Стратегија за период од 2019-2022г.да бидат Г-дин Зибер Бислими,Г-ѓа Ана Здравковска,Г-ѓа Ивона Јакимовска ,г-дин Пере Кутаноски и член од ФТБЛ од Штип предложен од самиот факултет.** |
| **Т4:Воведување на систем на врзан потпис на банкарската сметка на СКТМ.** | |
| Презентирал | Касам Шаќири/ Панче Трајковски |
| Дискусија | Претседателот на СКТМ г-дин Касам Шаќири нагласи дека оваа точка е дополнета во дневниот ред од г-дин Трајковски и му даде збор за образложување.Г-дин Трајковски во својата дискусијата истакна дека укинувањето на ваквата можност за врзан потис на банкарската сметка за време на работењето на минатата Извршна Директорка Т.М.Перович е пропуст и истиот треба повторно да се воведе.За втор потписник го предложи Претседателот на комората кој одби и даде предлог дека тоа може да биде и некој друг од членовите на У.О. Беше посочен и г-дин Стефан Пешевски кој истотака неприфати со образложение дека е презефатен за плус таква обврска додека г-дин Зибер Бислими смета дека тоа треба да биде предлагачот на точката со оглед на неговото барање.Присутните се согласија со овој предлог и го назначија г-дин Панче Трајковски за втор потписник на сметката на комората. |
| **Заклучок  по т.4.** | **У.О. донесе едногласна одлука г-дин Панче Трајковски да биде втор потписник на банкарската сметка.** |

| Т5:Проблем во врска со патување во Барселона на извршната директорка | |
|---|---|
| Презентирал | Панче Трајковски / Биљана Пејоска Ристеска |
| Дискусија | Воведниот дел по оваа точка го имаше г-дин Панче Трајковски кој изнесе дека минатата година извршната директорка остварила патување од 10 дена во Барселона ,Шпанија претставувајќи ја комората и хотелиерите а при тоа не ги информирала членовите на управниот одбор.И смета дека за овој проблем треба да се расправа.Претседателот на комората г-дин Шаќири и даде збор на Извршната директорка за објаснување.<br>Извршната Директорка најпрво изрази зачуденост од изјавата незнаејќи за какво патување станува збор кога таа никогаш ниту била во Барселона ниту остварила такво патување во толкав временски период поготово да ги претставува хотелиерите.Нејзиното единствено патување во Шпанија минатата година е на транснационален семинар во траење од три дена во Зарагоза ,Шпанија на избор на Европската комисија ,Националната агенција за образовни програми и мобилност од Скопје и Владата на Р.М. за најдобри пет проект менаџери кои во изминатата 2016г.креирале и реализирале проект од програмата Еразмус+.Како најдобар проект менџер за проектот реализира со членови од комората во Париз во 2016г. извршната директорка посочи дека е избрана за успешен проект менаџер кој со останатие четворица од Р.М. на овој трансационален семинар треба да пренесе и сподели искуства од креирање и менаџирање на вакви проекти.Претсатвувањето на комората е по нејзина воља бидејќи смета дека како вработена во комората има право да го зголеми афирмативниот дел на оваа бизнис заедница.За ова патување постои договор кој е потпишан помеѓу извршната директорка и националната агенција од Скопје при владата на Р.М. каде точно се наведени обврските и условите на ова патување како и трошоците подмирени од ЕК ,Националната агенција во Скопје.Комората нема сносено никаков трошок што може да се провери од изводите на банкарската сметка.<br>За ова патување постои доказ имено непосредно пред реализацијата е известен со емаил допис тогашниот управен одбор од кој немало никакви реакции бидејќи се работело за индивидуално патување и избор на личност а не на субјект .Извршната директорка смета дека ваквата изјава на г-дин Трајковски е претенциозна измислица ,лага со цел да се наклевети и наруши угледот и работењето на Извршната директорка и поради тоа од нејзина страна ќе биде преземена активност на соочување на фактите пред суд.<br>Претседателот Г-дин Касам Шаќири побара да се смират страстите бидејќи очигледно станува збор за недоразбирање но и побара од сите да се почитува и вреднува работата и залагањето на Извршната Директорка посочувајќи во иднина да има поголема информираност во врска со вакви настани. |
| **Заклучок по т.5.** | / |

| Т6: Информација за доставени барања до институции |
|---|
| Презентирал:Биљана Пејоска Ристеска |

| | |
|---|---|
| Дискусија | Информацијата за доставени барања до иснтитуции ја пренесе Извршната директорка која  кажа дека е поведена  постапка од страна на Државниот Пазарен Инспекторат - ДПИ за барање доставено од членка на комората т.а. Бран од Прилеп  во врска со т.а. Блакан нет од Струга која се појавува во тендерски постапки за изведување на екскурзии без исполнување на условите во Правилникот за изведување на истите.Последната информција која ја има комората е од ден 25.01. 2018г.дека инспекторатот е на терен истиот ден, а за исходот ќе биде дополнително добиено писмено ивзестување кое ќе биде проследено до У.О.на комората.Од страна на г-дин Бранко Карески беше доодадено објаснување дека против оваа агенција е превземена активност од нивна страна со реакција и до локалната самоуправа на град Прилеп но и приватна судска постапка.Беше посочен сличен пример и со Гимназијата во Богданци за што Извршната директорка побара подетална информација за да може да се изреагира. |
| **Заклучок  по т.6.** | / |
| T7:  Претставување на можности за промена на деловната просторија на СКТМ | |
| Презентирал: | Касам Шаќири / Биљана Пејоска Ристеска |
| Дискусија | Воведниот дел во дискусијата по оваа точка го имаше Претседателот на СКТМ г-дин Касам Шаќири кој изнесе став дека комората е неопходно да егзистира просторно во подобри услови како што и доликува со две простории за обавување на поголеми активности како и технички услови простории со централно греење за што предлага тоа да биде во зградата на СКМ каде се сместени и другите комори.Извршната директорка пренесе информација за цената која е побарана од СКМ за простории кои ни се потребни и според неа тоа е финансиски прифатливо со сите услуги кои ги нуди зградата во пакет.Г-дин Стеван Пешевски истакна дека како комора местото ни е токму таму затоа што соработката со останатите комори и бизниси ќе ни биде на дофат и амбиентот е коморски како што и доликува и на нашата комора.Предлогот беше прифатен од сите присутни и покрај тоа што во моментот нема слободен простор во посочената зграда да се направат дополнителни напори тој да се обезбеди. |
| **Заклучок  по т.7.** | **У.О.едногласно донесе одлука за промена на деловната просторија на СКТМ со преминување во зградата на СКМ.** |
| T8:  Разно | |
| Презентирал: | Касам Шаќири /Биљана Пејоска Ристеска |

Стопанска Комора за Туризам на Македонија

| | |
|---|---|
| Дискусија | Под точка разно збор зема г-дин Стеван Пешевски кој ги информираше присутните за процесот на активности кои ги има Министерството за Економија и тој како член во работната група при МЕ во измените и дополнувањата за законот за Туристичка дејност.Заклучоците од дискусијата која ја имале на 15.01.2018г. детално ги образложи но побара дополнителен состанок пред повторната средба со сите заинтересирани членки во комората кои имаат свои предлози за да може да ги пренесе со цел подобрување на работењето на сите.Истотака побара да се даде можност на тој состанок да бидат разгледувани и Општите услови на патување од СКТМ како услови подобрени и вметнати во законска форма во иднина.Тоа би значело превземање на кнкретни активности од наша страна кои во координација со другите комори и здруженија би извршило поголемо влијание во донесување на поквалитетен закон.Предлогот за состанок беше прифатен и за таа цел дополнително ќе биде известена Извршаната директорка да ги повика сите членки на учество.<br>Во врска со учество во работната група за изработка на стратегијата информацијата од учеството ја даде Извршната директорка која посочи дека ги изнела веќе посочените забелешки презентирани на јавната дебата на 20.12.2017г.во Скопје со посебен акцент на реализација на Саемска манифестација каде СКТМ со веќе формираната група за изработка на концепт за такво нешто би се состанале и би нашле взаемна соработка за реализација на таков настан.<br>Г-дин Зибер Бислими предложи како член во таа група да се организира еднодневна работилница со претставниците на МЕ за согледување на сите можности.Предлогот наиде на одобрување од присутните. |
| **Заклучок по т.8.** | **/** |

ЗАПИСНИЧАР
ПРЕТСЕДАТЕЛ

БИЉАНА ПЕЈОСКА РИСТЕСКА
КАСАМ ШАЌИРИ